# Индикатори за квалитетот на правата на работниците: Западен Балкан 2024 година

Во наредните параграфи даден е преглед на клучните показатели на квалитетот на правата на работниците и стандардите за достоинствена работа во регионот на Западен Балкан. На почетокот ќе изнесеме три напомени. Прво, кога зборуваме за Западен Балкан, зборуваме за седум правни рамки кои имаат свои засебни работни законодавства, а тоа се: Албанија, Федерација на Босна и Херцеговина, Република Српска, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија. Втората напомена се однесува на достапноста на податоците. Имено, сите податоци не се еднакво достапни во сите правни рамки. Кога се достапни, може да се случи да не се однесуваат на истите временски периоди. Третата напомена се однесува на методологиите на истражување на официјалните статистички податоци кои не се секогаш усогласени во секоја од поединечните земји, па некои податоци не се споредливи. Сепак, податоците кои ќе ги претставиме во продолжение овозможуваат креирање на општа слика, а ние ќе се потрудиме во наредниот период навремено да ги ажурираме и да ги направиме достапни во што поквалитетна форма за сите заинтересирани страни.

## 1. Вработеност и невработеност

Во регионот на Западниот Балкан живеат околу 16,8 милиони жители, од кои вработени околу 5,3 милиони.

Кога се разгледува стапката на невработеност, таа е најголема во Северна Македонија (12,5%), што претставува значаен предизвик за пазарот на трудот. Од друга страна, најниската стапка на невработеност е во Федерацијата на БиХ (7,5%). Просечната стапка на невработеност во регионот е 10,3%.

| **Земја** | **Популација (во милиони)** | **Вработени лица (во милиони)** | **Стапка на невработеност** |
|---|---|---|---|
| Србија | 6.6 | 2.3 | **9.4%** |
| БиХ-Федерација | 2.2 | 0.55 | **7.5%** |
| БиХ- РС | 1.2 | 0.29 | **9.3%** |
| Албанија | 2.8 | 0.73 | **10.7%** |
| Северна Македонија | 1.8 | 0.7 | **12.5%** |
| Косово | 1.6 | 0.425 | **10.9%** |
| Црна Гора | 0.62 | 0.28 | **11.9%** |

# 2. Минимална заработка и плата за живот

Минималната заработка е ниска во целиот регион. Во 2024 година, просечната минимална плата во регионот изнесувала околу 386€. Највисоката минимална плата била во Црна Гора, 450€, но од ноември 2024 таа беше зголемена на 600€ за вработените лица со средно стручно образование, и 800€ за вработените со високо стручно образование. Сепак, дури и во Црна Гора, минималната плата не ги покрива трошоците за живот, кои се значително повисоки. Оваа диспропорција укажува на тоа дека минималната плата во регионот не им овозможува на работниците да ги задоволат своите базични потреби.

Иако официјалните статистики не го признаваат концептот на плата за живот, односно плата која е доволна да ги покрие основните социјални и егзистенцијални потреби на работниците и нивните семејства, цивилното општество и синдикатите во претходниот период извршувале независни пресметки на плата за живот. На основа на тие податоци можеме да кажеме дека  минималните плати во регионот во просек покриваат само една третина од платата за живот.

| Земја | Минимална нето заработка во € за 2024 гоина | Плата за живот во € | Јазот меѓу минималната плата и платата за живот |
|---|---|---|---|
| **Србија** | 406 | 1,235* | Минималната плата покрива 31,25% од платата за живот |
| **БиХ-Федерација** | 316 | 920** | Минималната плата покрива 34,4% од платата за живот |
| **БиХ- РС** | 460 | 920** | Минималната плата покрива 50% од платата за живот |
| **Албанија** | 360 | 1,004** | Минималната плата покрива 35,85% од платата за живот |
| **Северна Македонија** | 365 | 840** | Минималната плата покрива 43,2 % од платата за живот |
| **Косово** | 342 | 1,152*** | Минималната плата покрива 29,68% од платата за живот |
| **Црна Гора** | 450 | 1,850*** | Минималната плата покрива 24,32% од платата за живот |

** Пресметка за 2023 година / **Пресметка за 2021 година / ***Пресметка за 2024 година*

# 3. Минимални пензии

Минималните пензии во регинонот во текот  на 2024 година во просек изнесувале 249€ и во просек покривале 22,5%, односно само малку повеќе од петина од платата за живот. Минималните пензии се движеле од 100 € во Косово, до 450 € во Црна Гора. Треба да се напомене дека станува збор за минимални пензии кои се остварени на основа на години на работен стаж. Пониските пензии, како пензиите за земјоделците и социјалните пензии, не се вклучени во оваа пресметка.

| Земја | Минимална пензија во € во 2024 |
|---|---|
| Србија | 212 |
| БиХ- Федерација | 350 |
| БиХ-РС | 307 |
| Албанија | 177* |
| Северна Македонија | 203 |
| Косово | 100 |
| Црна Гора | 450 |

**Податоци за 2023 година*

# 4. Смртни случаи на работно место

Во регионот во просек се забележуваат три смртни случаи на годишно ниво на 100.000 вработени. Присутна е загриженост дека бројот е поголем, односно дека официјалните статистики не ја бележат адекватно реалната слика на состојбата. Просечната стапка на смртност на работа во регионот е загрижувачка, што укажува дека мерките за безбедност и инспекцискиот надзор се несоодветни во многу земји.

| Земја | Број на смртни случаеви на работно место во 2023 година |
|---|---|
| Србија | 42 |
| БиХ-Федерација | N/A |
| БиХ- РС | 10 |
| Албанија | 30 |
| Северна Македонија | 15 |
| Косово | 15* |
| Црна Гора | 6* |

**Податоци за 2022 година.*

# 5. Просечно неделно работно време, договори за постојано вработување и работни инспекции.

Кога станува збор за работно време, според достапните податоци на Евростат, работниците во регионот работат значително повеќе од просекот на ЕУ. Така, според последните податоци за 2023 година, просечното работно време кое луѓето го поминуваат на примарната работа во Србија е 41,7 часа неделно, а во БиХ 41,4. Последните податоци за Црна Гора објавени се за 2020 година и покажуваат дека работниците во оваа земја поминуваат во просек 42,8 часа неделно на примарната работа. Овие бројки се значително поголеми од просекот за ЕУ кој изнесува 35,9 часа неделно. Тука треба да се напомене дека значителен број на луѓе во регионот вршат и повеќе работни обврски со цел да го надоместат нискиот доход, што значи дека реалното работно време е значително поголемо од она што оваа статистика го покажува.

Присуството на договори за неопределено работно време во регионот варира. Србија, Црна Гора, Северна Македонија и БиХ имаат висока стапка на покриеност со договори за неопределено време, повеќе од 70%. Од друга страна, Албанија и Косово имаат доста понизок степен на покриеност со договори за неопределено време, помеѓу 40% и 50%. Договорите за определено време обично траат до две или три години, освен во Северна Македонија, каде договорот за определено време може да се продолжи до пет години, и Косово, каде што продолжувањето е можно и на цели десет години.

Инспекторатот за работа не располага во полн капацитет и е недоволно финансиран во целиот регион, а во просек вработува само по еден инспектор на 10.000 вработени.

| **Земја** | **Договори на неопределено време (%)** | **Инспектори за работа (на 10.000 работници и работнички)** |
|---|---|---|
| **Србија** | 80% | 0,92 |
| **БиХ- Федерација** | N/A | N/A |
| **БиХ- РС** | 85% | 1,23 |
| **Албанија** | 43% | 1,29 |
| **Северна Македонија** | 82% | 1,6 |
| **Косово** | 40,7% | 0,91 |
| **Црна Гора** | 71,6% | 1,28 |

Социо-економските совети, како трипартитни тела во рамки на кои треба да се одвива социјален дијалог на национално ниво, постојат во целиот регион, но не се функционални, а нивниот работен процес често се кочи поради недостаток на политичка волја за суштински дијалог и спроведување на неопходните реформи. Важно е да се напомене и дека странските инвеститори не учествуваат во социјалниот дијалог кој треба да се одвива во рамките на социо-економските совети.

# 6. Roditeljsko, porodiljsko i očinsko odsustvoe

Во регионот постојат значајни разлики во политиките на родителското отсуство, вклучително породилното и татковското отсуство. Во повеќето земји, овозможено е 12 месечно породилно отсуство, но начинот на исплата и условите за остварување на правата за истото се разликуваат.

| Земја | Roditeljsko, porodiljsko i očinsko odsustvo |
|---|---|
| **Србија** | Три месеци породилно отсуство се задолжителни. Родителите по истекот можат да одлучат кој од нив ќе ги искористи преостанатите 9 месеци. |
| **БиХ- Федерација** | Породилно отсуство во траење од 42 дена по раѓањето на детето е задолжително. Родителското отсуство  трае до 12 месеци вкупно, но, родителите мораат да одлучат кој ќе го искористи. |
| **БиХ-РС** | Породилното отсуство е задолжително 60 дена по раѓањето на детето. Вкупното траење на родителското отсуство трае 12 месеци, но, родителите мораат да одлучат кој ќе го искористи. |
| **Албанија** | Породилното отсуство трае до 12 месеци, од кои 63 дена по раѓањето се задолжителни. Родителското отсуство може да се распредели, но родителите мораат да се договорат кој ќе го користи. |
| **Северна Македонија** | Родителското отсуство кое може да се подели меѓу мајката и таткото трае до 9 месеци. |
| **Косово** | Породилното отсуство трае 12 месеци. Татковците имаат право на до 3 дена платено отсуство по раѓањето на детето. |
| **Црна Гора** | Родителското отсуство трае до 12 месеци. Двата родители имаат право да го користат во еднакви делови; можен е пренос на родителското отсуство од еден на друг родител 30 дена по неговото отпочнување. Вработените родители имаат право да користат родителско отсуство дури и ако другиот родител е невработен. |

За да се запознаете со сите индикатори за квалитетот на правата на работниците во Западен Балкан, Ве молиме кликнете тука:
https://decentworkbalkans.com/facts/

Ова резиме е подготвено од:

CENTAR ZA POLITIKE EMANCIPACIJE

MUSINE KOKALARI
INSTITUTI PËR POLITIKA SOCIALE

Овој проект е реализиран во рамките на Регионалната коалиција за достојна работа, мрежа од 45 невладини организации и синдикати во Западен Балкан, посветена на унапредување на работничките права.na Zapadnom Balkanu posvećenih unapređenju radnih prava.